Број 114 Март 2022

# S-WORK



## 3ти март - Меѓународен ден на правата на сексуалните работници

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ




# 3-ти март – Меѓународен ден на правата на сексуалните работници

Како и секоја година, по повод одбележувањето на **3-ти март – Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници**, ние, сексуалните работници се приклучуваме на глобалното движење во борбата за социјална правда и почитување на правата на сексуалните работници, како во Република Северна Македонија, така и на глобално ниво.

Основа за современите човекови права е дека сите луѓе се родени слободни и еднакви во достоинството и правата. Без оглед на причините, сексуалните работници кои доброволно се занимаваат со сексуална работа треба да се третираат со достоинство и да ги уживаат правата на заштита на работните односи и на работното место. Меѓутоа, сексуалните работници во нашето општество се социјално маргинализирана група, која се соочува со силна стигма и дискриминација и со често прекршување на човековите права. Како последица од непрепознавањето на сексуалната работа како секоја друга професија, непостоењето прецизни закони за регулација на сексуалната работа во однос на нашите работнички права, како и нееднаквиот третман кон заедницата на сексуални работници, не поттикнува во се поголем број од година во година да се бориме за своите човекови права.

Со приклучување кон глобалното одбележување на **3-ти март - Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници**, се стремиме да ја истакнеме важноста и потребата од декриминализација на сексуалната работа како најдобра политика за унапредување на нашите човекови, работнички и здравствени права.

Во рамки на овогодинешната кампања, по повод одбележувањето на 3-ти март - Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници и по повод 8-ми март – Меѓународниот ден на жените, ќе организираме хуманитарна онлјан аукција **„Акција за реакција 2“** со цел да им обезбедиме директна поддршка на сексуалните работници кои се уште ги чувствуваат последиците од социо-економската криза предизвикана од КОВИД-19.

Оваа година, СТАР - Првиот колектив на сексуални работници на Балканот, ќе ја одржи и  седницата на Годишното собрание на членовите на Здружението за деловната 2021 година, токму на денот на одбележување на Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници.

Како трета активноста во рамки на кампањата ќе поделиме и промотивни пакети и лифлети за промоција на сервисот за социјално советување и поддршка помеѓу заедницата на сексуални работници со цел остварување на социјалните права на сексуалните работници и зголемување на пристапот до социјална заштита.

Сексуалните работници од целиот свет го одбележуваат **3-ти март – Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници.** Идејата за одбележување на овој ден датира уште од 2001 година, кога повеќе од 25,000 сексуални работници се собрале на фестивал во Индија. Како организатор на целиот настан стои Комитетот на сексуални работници Durbar Mahila Samanwaya со седиште во Калкута, чие членство брои повеќе од 50,000 сексуални работници. Оттогаш, секоја година се слави 3-ти март од страна на сексуалните работници, нивните поддржувачи и активисти од целиот свет.

# 31-ви март - Меѓународен ден на видливоста на трансродовите луѓе

По повод одбележувањето на **31-ви март - Меѓународниот ден на видливоста на трансродовите луѓе**, една од основачите на Иницијативата за заштита и унапредување на правата на трансродовите лица - **ТрансФормА**, Лила Милиќ, говори за проблемите со кои се соочува трансродовата заедница во нашата земја и кои се нивните барања во насока на заштита и унапредување на нивните човекови права и усвојување на законска рамка за правно признавање на родот.

**Дали заедницата на трансродовите лица во нашата земја е заштитена и дали се почитуваат нивните основни човекови права?**

Заедницата на трансродовите лица во Република Северна Македонија е една од најмаргинализираните групи граѓани во нашето општество. Секојдневно трансродовите лица трпат стигма и дискриминација од страна на институциите и општеството, а особено при обидите да добијат адекватни здравствени и правни услуги. Секојдневно, трансродовите лица трпат говор на омраза, особено на социјалните мрежи и никој за тоа не презема ништо. Често, заедницата на трансродивте лица се соочува со прекршување на основните човекови права, па оттука не можеме да зборуваме за права кога една група на граѓани се третираат како да не се дел од ова општество. Не можеме да зборуваме за права кога немаме закон кој правно ќе го признае нашето постоење. Ние како заедница бараме итно донесување на закон за правно признавање на родот. Само со правното признавање на родот ќе можеме да кажеме дека сме едно општество за сите.



**Кои се моменталните пречки и законски проблеми со кои се соочува трансородовата заедница?**

Пречките со кои моментално се соочува трансродовата заедница се немањето закон за правно признавање на родот и непрепознавањето и неприфаќањето на оваа заедница од страна на општеството. Во нашата земја, сè уште не можеш да ја промениш ознаката за пол и матичниот број, единствено можеш да го промениш своето име и презиме. Тоа е и најголемиот проблем со кој се соочуваат трансродовите лица во РСМ. Секојдневното живеење на трансродовите лица е проследено со дискриминација и потсмев од страна на институциите. Со донесување на законот за правното признавање на родот, институционалната дискриминација ќе се намали бидејќи така никој нема да не обвинува дека користиме фалсификувани документи, ниту пак ќе бидеме прашувани за нашата интимност, како што се прашања од типот: „Дали си ти машко или женско?". Нема да сме изложени на претреси и докажувања за потврда на личноста поради неусогласени документи кога треба да поминеме граница и да излеземе надвор од државата, нема да се плашиме да побараме работа за да бидеме економски стабилни, нема да се плашиме да го користиме јавното здравство каде во моментов доживуваме дискриминација од страна на здравствени работници.

**Зошто е важен закон за правно признавање на родот за заедницата на трансродовите лица во Северна Македонија?**

Едноставно со носење на Законот за правно признавање на родот ќе бидеме граѓани од прв ред и ќе можеме многу полесно да се интегрираме во општеството. Пред сè, институционалната дискриминација и стигма ќе се намалат, па ќе можеме да живееме нормален живот, ослободени од страв и стрес. Ќе можеме многу полесно да најдеме работа, или пак да изнајмиме живеалиште. Моментално, изготвен е Предлог-закон за изменување на Законот за матична евиденција со кој ќе се овозможи правно признавање на родот на трансродовите лица согласно позитивното меѓународно законодавство и почитувањето на сите човекови права. Меѓутоа, Предлог-законот е заглавен во Собрание и сè уште се чека да биде ставен на дневен ред на гласање од страна на пратениците.

**По повод одбележувањето на 31-ви март – Меѓународниот ден на видливоста на трансродовите лица, што вие како ТрансФормА планирате ова година за одбележување на овој ден?**

Одбележувањето на **31-ви март - Меѓународниот ден на видливоста на трансродовите лица е од големо значење за заедницата** и се одбележува насекаде низ светот. Целта за одбележување на овој ден е да се зголеми видливоста на трансродовите лица, да се почитуваат нивните права, да се препознае нивното постоење и да се слушнат нивните гласови.

ТрансФормА за прв пат спроведе еднонеделна кампања по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на видливоста на трансродовите лица во Северна Македонија. По тој повод, на 31.03.2019 за прв пат се организираше Марш на видливоста во центарот на Скопје, со цел да се зголеми видливоста на трансродовата заедница и да се подигне свеста кај општата популација за прифаќање на трансродовите лица. За оваа година, ја следиме ситуацијата со КОВИД-19 и мерките од Владата, и доколку се стабилизира, повторно би излегле на улица, уште еднаш да и покажеме на јавноста дека постоиме и сме тука помеѓу вас.





# ДРЖАВАТА ВИКТОРИЈА ВО АВСТРАЛИЈА ЈА ДЕКРИМИНАЛИЗИРА СЕКСУАЛНАТА РАБОТА И СЕ ОБВРЗУВА ДА ПРОДОЛЖИ ДА СЕ ЗАЛАГА ЗА ПОНАТАМОШНИ РЕФОРМИ

Усвојувањето на Законот за декриминализација на сексуалната работа од 2021 година во Викторија претставува историско достигнување за сексуалните работници во Австралија.

Сексуалните работници ја поздравуваат Владата на Викторија која го усвои Предлог-законот за декриминализација на сексуалната работа како најдобар модел за регулација. Со признавањето на сексуалната работа како и секоја друга, на сексуалните работници кои живеат и работат во Викторија ќе им се овозможи да ги уживаат истите права и заштита како и секој друг работник во државата. Со децении, сексуалните работници се организираа и водеа јавни кампањи за декриминализација на сексуалната работа и се бореа против лошиот режим и строгите услови за работа на сексуалните работници. Сексуалните работници, без разлика дали работат самостојно или во бордели, мораа да се регистрираат во државниот систем и да добијат дозволи за работа, а со тоа беа принудени да прават погрешен избор и да работат по опасни и дискриминаторски закони, ставајќи ги во ризик сопственото здравје и безбедност. Оттука, декриминализацијата е глобално призната за најдобра практика на регулација на сексуалната индустрија.

Со усвојувањето на Предлог-законот ќе се донесат важни и итно потребни промени кои го подобруваат здравјето и безбедноста на работното место, пристапот до соодветна здравствена заштита, правда и безбедност на сексуалните работници. Предлог-законот ја укинува криминализацијата на сексуалната работа и одредбите за дискриминаторско задолжително тестирање за ХИВ и СПИ и употребата на кондоми. Криминализацијата на сексуалните работници со законите за задолжително тестирање и употребата на кондоми ги прекршува човековите права на сексуалните работници и предизвикува дискриминација на работното место. Овие дискриминаторски закони не се засноваат на докази и се спротивни на најдобрите практики за јавно-здравствени пристапи.

Декриминализацијата на сексуалната работа ќе го укине проблематичниот и неефективен Закон за сексуална работа донесен уште од 1994 година. Со Законот за сексуална работа од 1994 година долго се прекршуваа правата на приватност и доверливост, на слободен избор на вработување и на правични и поволни услови за работа, како и еднаква заштита и третман на сексуалните работници пред законот.

Со новиот закон, се укинува и условот за задолжителна регистрација на индивидуални




сексуални работници што негативно влијае врз животите на сексуалните работници, а има и понатамошна посветеност на Владата во Викторија да ги уништи тековните записи за регистрација на сексуалната работа до 10-ти мај 2022 година.

Благодарение на Фиона Патен, предводник на движењето за декриминализирање на сексуалната работа, член на Горниот дом на Парламентот во Викторија и поранешна сексуална работничка и Анди Медик, член на законодавниот совет на Викторија и неговиот тим кои работеа заедно со здруженијата на сексуални работници од Австралија, Виксен и Скарлет Алијанса, предложени се и неколку неопходни амандмани на законот, според потребите и барањата на сексуалните работници во Викторија. Покрај уништувањето на Регистарот за сексуална работа, со прифаќање на амандманите би била спроведена  целосна декриминализација на сите сексуални работници, вклучително и сексуалните работници кои работат на улица и би се обезбедила силна заштита против дискриминација со воведување на неопходните атрибути на „сексуална работа“ и „сексуален работник“,  како и отстранување на произволните ограничувања за рекламирање кои влијаат на безбедноста на сексуалните работници.

Без овие амандмани, Викторија сѐ уште не постигнала целосна декриминализација. Во текот на овој процес, сексуалните работници беа гласни и јасни дека нема да прифатат ништо помалку од целосна декриминализација на сите форми на сексуална работа, за секој член на нашата заедница.

И по усвојувањето на Предлог-законот за декриминализација на сексуалната работа од 2021 година, сексуалните работници продолжуваат да се залагаат за виталните реформи кои ќе ги вклучуваат сите сексуални работници и за целосна декриминализација на сите форми на сексуална работа во Викторија и низ сите држави и територии во Австралија.




# КАКО СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ СЕ БОРАТ ПРОТИВ ТОРТУРАТА И РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО

Заедницата на сексуални работници од Латинска Америка и Карибите доживуваат секојдневна тортура и се жртви на родово базирано насилство. За оние кои се занимаваат со сексуална работа, големиот број злоупотреби, особено од страна на државните службеници, е надополнет со длабока дискриминација што дополнително им го отежнува патот на сексуалните работници до правдата.

Според истражувањето објавено од Мрежата на сексуални работници од Латинска Америка и Карибите (Red de Trabajadoras Sexuales de Latinoamérica y el Caribe, RedTraSex) повеќе од 1200 сексуални работници во 15 земји во Латинска Америка и на Карибите изјавиле дека претрпеле некаков вид злоупотреба и прекршување на нивните човекови права од 2016 година. Меѓу злоупотребите кои најчесто се пријавени се дискриминација, вознемирување, заплашување, закани, физички напад, силување и изнуда.

Според нивните изјави, повеќето од овие прекршувања на човековите права се извршени од страна на државни службеници, вклучително и полицијата. Во повеќето случаи, жртвите на насилство одлучиле да не поднесат жалба поради страв, бидејќи сторителот е или државен службеник или припадник на полиција, или пак затоа што знаеле дека нивната жалба воопшто нема да ја разгледаат.

Сексуалните работници имаат причини да не му веруваат на системот. Оние кои се обидуваат да поднесат жалби често се деморализирани од процесот, игнорирани или малтретирани.

За сексуалните работници-мигранти ситуацијата е уште потешка. Стравот од депортација, во комбинација со ксенофобијата, со која многу од нив се соочуваат секојдневно, создаваат бариери кои тешко се надминуваат.

Наодите од истражувањето на RedTraSEx се во согласност со серијата извештаи на Амнести Интернешанл за ситуацијата во која се наоѓа заедницата на сексуални работници и ранливоста и злоупотребата што ја доживуваат многу сексуални работници ширум светот.

Според наодите од истражувањето спроведено во март 2019 година од страна на Амнести Интернешанл, во Доминиканската Република полицијата рутински ги понижува, навредува и малтретира сексуалните работници. Тие го прават тоа како форма на социјална контрола, дизајнирана да ги казни за прекршување на општествените норми на „прифатлива" женственост и сексуалност. И покрај тоа што овој вид насилство од страна на полицијата според меѓународното право е еднакво на тортура или малтретирање, државите не прават ништо за да го спречат насилството и злоупотребите кои ги доживуваат сексуалните работници, а се последица на високите нивоа на стигма и дискриминација со кои се соочуваат сексуалните работници во многу општества.

Вероника Лино, која се занимава со сексуална работа и активизам во Кочабамба повеќе од 15 години, вели дека во Боливија, каде сексуалната работа е делумно регулирана, експлоатацијата и злоупотребата се исто така присутни. Таа објаснува дека системот има тенденција да ги фаворизира сопствениците на просториите каде жените работат и изнајмуваат соби и дека работните услови се генерално многу лоши.

Со почетокот на пандемијата предизвикана од Ковид-19, работите станаа уште полоши.

„Кога се беше затворено поради пандемијата, не можевме да работиме, ниту пак имавме финансиски средства за задоволување на основните потреби, како што се храна и домување. Многумина почнаа да ги продаваат своите работи. Многумина ги загубија собите каде што живееа. Не можевме да живееме нормално и никој ништо не направи за нашата работа", објаснува Вероника.

Без место каде би се сретнувале со своите клиенти, ниту поддршка од властите, сексуалните работници почнаа да се организираат. Прво тие формираа група на WhatsApp каде што разговараа за опции, идеи, можна помош и стратегии. Сексуалните работници не можеа да работат на улица бидејќи таму беа изложени на поголем ризик од малтретирање и тортура од страна на полицијата.

Вероника и уште 20 други сексуални работнички почнаа да тропаат на вратите, барајќи ги своите права. Без да го планира тоа, таа стана пример за нејзините соработници. Поплаките почнаа да пристигнуваат заедно со повиците за барање помош. Вероника научи како да документира случаи на злоупотреба и да ги поддржува жртвите на насилство кои се борат за правда. Денес, таа патува низ земјата собирајќи информации и обезбедувајќи поддршка за оние на кои им е најмногу потребна.

Во повеќето земји од регионот, недостасуваат закони за заштита на сексуалните работници од стигма, дискриминација и насилство, а пак неуспехот да се најдат сторителите, без разлика дали се приватни лица или државни службеници, ги остава сексуалните работници во екстремно ранлива ситуација.

Она што сексуалните работници постојано го истакнуваат е да се слушне нивниот глас и да се земат предвид нивните потреби кога се развиваат јавните политики што ги засегаат.

Вероника и другите организирани сексуални работници ги повикуваат државите да ја признаат сексуалната работа како работа. Велат дека законот кој ја регулира сексуалната работа и ги препознава и заштитува ќе им овозможи да се излезат од подземјето, обезбедувајќи им заштита, чие сегашно отсуство ги става во ризик од насилство и злоупотреба.

„Со закон за заштита ќе имаме поголемо признание за нашата работа", вели таа. „Без него, владите ги контролираат нашите тела".

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.